Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

02 Февруари, 2023

Архивски број: 67-937/2

Врз основа на член 35 став (3) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република Македнија“ бр. 199/14,44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 95 став (1) од Законот за урбанистичко планриање ( Службен весник на РСМ бр. 32/20), Министерот за транспорт и врски го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**за организирање на јавна презентација и јавна анкета по**
**ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**за изградба на рударски комплекс "Плавица ",**
**КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево,**
**општина Кратово и општина Пробиштип**

Предметната локација за изработка на ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА за изградба на рударски комплекс "Плавица ", КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, општина Кратово и општина Пробиштип, се наоѓа на околу 3.5 км јужно од Кратово во кратовската област во северно-источна Македонија , околу 65 км источно од Скопје , а со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Кратово и Општина Пробиштип, на подрачјето на катастарските Општини КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево. Планскиот опфат е со површина од 469,99ха и преставува дел од локалитетот "Плавица и Црн врв" опфатен со концесиски договор за експлоатација на минералната суровина – бакар, злато и сребро со Владата на Република Северна Македонија застапувана од Министерството за економија.

Јавната презентација и јавната анкета по Државната урбанистичка планска документација ќе се спроведе со излагање на планската документација во просториите на Општина Пробиштип, а исто така


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

планската документација е достапна и во информацискиот систем е-урбанизам.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена односно од 20.02.2023 година до 24.02.2023 година. Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета е објавено во јавните гласила и во информацискиот систем е-урбанизам. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со планската документација можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Јавната презентација со стручно презентирање на планската документација ќе се одржи на ден 23.02.2023 година (четврток) во 11.30 часот, во просториите на Општина Пробиштип.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александар Карангелов, диа

Одобрил: Раководител на Сектор за уредување на просторот:
Весна Андриевска, диа



Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk